Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09, 97/10, 11/12, 145/12, 170/13,139/14 и 147/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/19), Министерството за социјална политика, демографија и млади

**О Б Ј А В У В А**

1. Стапката на трошоците на живот за месец октомври 2024 година, во однос на месец септември 2024 година, според податоците на Државниот завод за статистика (Соопштение: Индекси на трошоците на живот и цените на мало, октомври 2024 година, број 4.1.24.100, објавено на 07.11.2024 година), е пониска за 0,7%.

2. Исплатата на платите за месец октомври 2024 година, во однос на месец септември 2024 година, работодавачите од членот 3 став 1 од Законот за исплата на платите во Република Северна Македонија, ја вршат на нивото на правото утврдено за претходниот месец.

МИНИСТЕР
Фатмир Лимани

Бр. 08-7312/1

Датум: 12-11-2024